Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: **Институт за глобални политики и право ЧЛЕН 1 Скопје**

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 7212828

Седиште и адреса (улица, број, општина): Павел Шатев 3, 2/42 Кисела Вода

Застапник: Лазар Поп Иванов

Веб страница: https://article1.mk/

Електронска пошта (e-mail): article1institute@gmail.com

Телефонски број за контакт: 075293299

Лице за контакт: Лазар Поп Иванов

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

**Наслов на иницијативата:** Професионализација на македонската дипломатска служба

**Стратешки приоритет:** Ред и правда
(придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

**Приоритетна цел:** Стоп за злоупотреби
(придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

**НППА:** Демократија и владеење на право, Реформа на јавна администрација
(поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Во членот 35-а, став 1 од моменталниот Закон за надворешни работи, е придведено дека „најмалку една третина од вкупниот број на шефови на дипломатско-конзуларни претставништва се именуваат од редот на дипломатско-конзуларните службеници со високи дипломатски звања во Министерството". Овој дел од членот зборува за таканаречените „дипломати од кариера" или „професионални дипломати", односно лица кои се именуваат за амбасадори откога ќе добијат одреден статус (високо дипломатско звање) внатре во Министерството за надворешни работи. Ова значи дека останатите, а најмногу до 2/3 може да бидат назначени од редот на т.н. политички дипломати. Па така, од 2015 до 2018 година, процентот на политички назначените амбасадори е повеќе од половина од вкупниот број на пополнетите амбасадорски позиции. Само во 2019 година, процентот на професионалните амбасадори е над 50 %, но во ситуација кога скоро половина од амбасадорските места се сè уште непополнети.

Компаративните трендови се сосема спротивни, па така дипломатиите, на пример, на Бразил, Кина, Франција, Германија, Велика Британија, Индија, Русија, Турција, Холандија, Норвешка, Белгија, Данска, Австрија, Естонија и Словачка се или целосно професионални, или дозволуваат и политички назначени амбасадори, но не повеќе од 10 % од вкупниот број на амбасадори.

Дел од причините зошто македонската дипломатија треба да се професионализира се следните:

(1) Професионалните амбасадори во Северна Македонија во просек минуваат над 16 години работејќи во Министерството за надворешни работи, и пред да бидат првпат назначени на амбасадорски место веќе имаат служено во барем две други мисии. Ова го научивме преку истражувањето кое го спроведовме како Член 1, а е објавено во септември 2019 година. Оттаму, доколку навистина сакаме да бидеме општество кое го застапува системот на заслуги во кариерниот напредок, мораме да го наградиме работното искуство и да создадеме законска регулатива која ќе овозможува професионалните кадри да се огромно мнозинство во дипломатската мрежа. Впрочем, како граѓани на овваа држава заслужуваме да бидеме претставувани од искусни и професионални кадри во надворешната политика.

(2) Професионална јавна администрација мора да значи и професионална дипломатска мрежа! Во стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022), под општа цел во областа Јавна служба е наведено токму „стручна, професионална и департизирана администрација". Доколку навистина верувавме во овие заложби за реформи во јавната администрација, тогаш тоа би морало да значи и професионална, департизирана дипломатска мрежа. Патем, нашата држава има релативно мал број амбасади (50) така што професионализацијата на целата мрежа би била мал чекор, но исклучително значаен за да се испрати позитивна порака за реформи во јавниот сектор.

Врз основа на овие укажувања предлагаме:

- Да се усвои нов Закон за надворешни работи, во кој ќе се предвиди дека процентот на назначени професионални амбасадори шефови на ДКП-а, во секој даден момент не смее да изнесува помалку од 80% во однос на политички назначените амбасадори;
- Во новиот закон да се утврдат минимум критериуми кои треба да ги исполнуваат политички назначените амбасадори;
- Во новиот закон да се воведе обврска за објавување на личните биографии на лицата именувани за дипломати и нивните тези, независно на која основ се именувани;

**<u>или АЛТЕРНАТИВНО</u>**

- Да се измени член 35-а, став 1 од моменталниот Закон за надворешни работи, со што ќе се предвиди дека процентот на професионални амбасадори, во секој даден момент не смее да изнесува помалку од 80%, во однос на политички назначените;
- Да се избрише член 35-а, став 2 од моменталниот Закон за надворешни работи, затоа што преку злоупотреба на инструментот преземање во јавен сектор, се заобиколува системот за градење на дипломати од кариера кој е воспоставен со законот.
- На основа на член 35 а, став 3, од моменталниот Закон за надворешни работи да се донесат посебни акти со кои се утврдуваат критериумите за политички назначените амбасадори односно критериуми според кои се мери афирмираноста на личноста во областа на надворешната политика, меѓународните односи, меѓународното право, науката и културата;
- На основа на член 36, став 2 од моменталниот Закон за надворешни работи, да се донесе акт во кој се дадени насоки за примена на принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и принципот на еднакови можности на половите;
- На основа на член 36, став 4 од моменталниот Закон за надворешни работи, Министерот да донесе акт со кој го пропишува начинот за проверка на исполнетоста на условите на кандидатите за амбасадори;
- Да се дополни моменталниот Закон за надворешни работи, со кој ќе се воведе обврска за објавување на личните биографии на лицата именувани за дипломати и нивните тези, независно на која основ се именувани;
- На основа на член 45, став 2, да се донесе уредба со која се утврдуваат работите што се сметаат како незадоволителни резултати и работите со кои им се причинува штета на интересите на државата во работата на амбасадорот;
- На основа на член 48-а, да се спроведе годишното оценување на работата на шефовите на ДКП-та;
- На основа на член 18, министерот да одржи работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва, на којшто ќе се зборува за прашања од надворешната политика и вршењето на надворешните работи на државата.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- Подобрување во квалитетот на водење на надворешната политика;
- Доследна примена на начелата на: заслуги, правична застапеност, континуирано учење и усовршување, евалуација, транспарентност, економичност или домаќинско работење, сервисна ориентираност;
- Намалување на можностите за арбитрерно одлучување, а со тоа и ризиците за злоупотреба.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Предлогот нема фискални импликации.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

(1) Поп Иванов Л., Стојкоски Љ., Мирчевска М., Ристовски С., *Документ за јавни политики: #МКДипломатија Кон професионална дипломатска мрежа* (Институт за глобални политики и право Член 1, 2019). Пристапено на: https://article1globalpolitics.files.wordpress.com/2019/09/d09cd09ad094d0b8d0bfd0bbd0bed0bcd0b0d182d0b8d198d0b0-d0b4d0bed0bad183d0bcd0b5d0bdd182-d0b7d0b0-d198d0b0d0b2d0bdd0b8-d0bfd0bed0bbd0b8d182d0b8d0bad0b8-1.pdf

(2) Поп Иванов Л., Мирчевска М., *МК Дипломатија: помеѓу професионализмот и политиката.* Во Политичка мисла (2013). Пристапено на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_35613-1522-1-30.pdf?131003174257

Потпис на застапникот

23.09. 2020 година

М.П.